СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

# КРАТОК ОСВРТ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО

## ➢ ПОДАТОЦИ ЗА 2020 ГОДИНА

Градежништвото е стопанска гранка од витално значење за домашната економија. Според статистичките податоци за претходната година градежништвото:

- **опфаќа 7,2 % од активните деловни субјекти во државата** од кои најголем дел, или 83,5 % се микро прептријатија со 1-9 вработени, 9,9 % се мали претпријатија со 10-49 вработени, 1,1% се средни компании, кои вработуваат до 249 лица, додека најмалку застапени со 0,2% се големите компании со над 250 вработени;
- **вработува 53.376 лица или 6,7% од вкупниот број вработени во државата** од кои дури 93,8 % од вработените во секторот се мажи, а само 6,2 % се жени;
- **просечната исплатена нето-плата по вработен изнесува 25.375 денари (околу 413 евра),** при што просечната нето-плата во 2020 година во нискоградбата е за 3% повисока од просечната нето-плата во високоградбата (изградба на згради);
- **процентуално учествува во БДП со 5,7 %;**
- **извршените градежни работи достигнале вредност од 40,5 милијарди денари;**
- капиталните расходи со вториот ребаланс на буџетот се планирани на 19.650 милион денари, при што за цела година се реализирани **16.115 милион денари или 82,01% од планираните;**
- **директните инвестиции во градежништвото изнесувале 19,3 милиони евра,** што претставува пад од 47,2 % во споредба со 2019 година, кога директните инвестиции изнесувале 36,6 милиони евра;
- **биле изградени 4.077 станови** што претставува најмалку во последните десет години имајќи предвид дека просечно годишно се граделе 5.583 стана.

## ➢ ПОДАТОЦИ ЗА I – VI 2021 ГОДИНА/ I – VI 2020 ГОДИНА

- **Просечната исплатена нето-плата по вработен во градежништвото за првото полугодие годинава изнесува 26.186 денари, што претставува раст од 5,9%** споредено со првото полугодие претходната година, при што платата во нискоградбата е повисока за 0,6% од платата во високоградбата;

**Просечна нето плата по вработен (I-VI 2021)**

**26.186 денари**

- Во првото полугодие на 2021 година се издадени 1.736 одобренија за градење, што претставува **раст од 29,7%** споредено со првото полугодие на 2020 година кога биле издадени 1.338 одобренија за градење;




- Номиналната вредност на договорените градежни работи за првите шест месеци годинава изнесува 40.3 милијарди денари што претставува **пад од 14,4%** споредено со првите шест месеци од 2020 година кога номиналната вредност на договорени градежни работи изнесувала 46.8 милијарди денари. Вредноста на договорените градежни работи во првото полугодие годинава, во нискоградбата изнесува 17,7 милијарди денари, додека во високоградбата изнесува 22,6 милијарди денари.




- Номиналната вредност на извршените градежни работи во првото полугодие годинава изнесува 11,02 милијарди денари што претставува **раст од 2,8%** споредено со првите шест месеци претходната година. Растот се должи на високоградбата каде во споредбениот период има зголемување на извршените градежни работи за 21,6%, додека кај нискоградбата има намалување за 8,3%.




- Бројот на станови за кои се издадени одобренија за градење во првото полугодие од 2021 година изнесува 3.449, што претставува **раст од 18%** споредено со првото полугодие лани кога бројот изнесувал 2.921. Најатрактивен за градење од осумте плански региони е Скопскиот Регион.




- Во периодот јануари – јуни 2021 година, вкупната вредност на договорените градежни работи во странство изнесува 144.863 илјади денари, што е за **17.6 % помалку** во споредба со истиот период од претходната година. Во наведениот период, градежната оператива од С.Македонија во странство извршила градежни работи во вкупна вредност од 74.588 илјади денари, што е за **52.3 % повеќе** во споредба со истиот период од претходната година.

- Директните инвестиции во градежништвото во првото полугодие 2021 година изнесуваат **11,6 милиони евра**, што споредено со првото полугодие претходната година кога директните инвестиции изнесувале 2,94 милиони евра претставува **раст од 295,2%.**

- Согласно волуменските индекси кај Бруто-домашниот производ според производниот метод, **за првото тримесечје од 2021 година**, во однос на истиот период од 2020 година, забележан е **пораст на градежништво за 1,7%,** додека во второто тримесечје од 2021 година споредено со истото од претходната година има **намалување за 0,4%**

- Капиталните инвестиции од буџетот се од долгорочно значење и влијаат на потенцијалниот економски раст на земјата. Во наши услови секогаш се јавува расчекор меѓу планираните износи за капитални инвестиции во дадена буџетска година и реализираните износи, односно скоро редовна е практиката на потфрлање во реализацијата на планираните средства. Капиталните расходи за 2021 година со ребалансот на Буџетот се планирани на 29.804 милиони денари, а за 7 месеци се реализирани **9.247 милион денари или 31,03%.**

24.9.2021 година
С к о п ј е